OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Скопје, 22 март 2018 година

# А++ Кредит – нов производ на Охридска банка Сосиете Женерал наменет за финансирање на енергетско ефикасни производи, со поврат на средства до 20%

Охридска банка Сосиете Женерал, во своето кредитно портфолио воведува нов А++ кредит, наменет за финансирање на енергетско ефикасни производи за домот.
А++ кредитот, е дел од кредитната линија од програмата за финансирање на зелена економија во Западен Балкан (Western Balkans Green Economy - GEFF), поддржана од Европска Унија, со која Европската банка за обнова и развој (EBRD) поддржува и финансира инвестиции и проекти за енергетска ефикасност на домаќинствата во Македонија.

**А++ кредитот** на Охридска банка Сосиете Женерал им овозможува на клиентите да набавуваат производи и да инвестираат во технологии со повисоко ниво на енергетска ефикасност, што придонесува за создавање на енергетско ефикасен дом. Со имплементација на технологиите поддржани од А++ кредитот клиентите ќе заштедат на енергија и ќе ги намалат своите трошоци, а истовремено ќе влијаат на подобрување на квалитетот на живот и животната средина.
**Главна карактеристика на А++ Кредит е повратот на средства кој го добиваат корисниците на кредитот, кој достигнува и до 20% од вкупната вредност на инвестицијата.**
Кредитот е со **каматна стапка од 5,5%** и нуди можност за вклучување на кредитно животно осигурување, што дава дополнителен бенефит за клиентите. Овозможениот поврат на средства од 20%, ја прави оваа кредитна линија, привлечна и исплатлива за сите оние кои планираат да инвестираат во својот дом, набавувајќи производи со повисоко ниво на енергетска ефикасност.
Така, во голем број случаи, вредноста на повратот на средствата може во целост да ја надомести вкупната камата за кредитот..
Процентот на поврат на средства за вкупната инвестиција на клиентот, зависи од видот на производите и/или технологиите кои се купуваат.

Начинот на пресметка, односно процентот на поврат на средства, може да се прочита на следниот линк: http://technology-mk.ebrdgeff.com/

Со воведување на А++ Кредитот во своето кредитно портфолио, Охридска банка

Сосиете Женерал и понатаму продолжува да делува како општествено-одговорна компанија која преку низа различни проекти и активности настојува да влијае на подигнување на еко свеста како и унапредување на животната средина.

Повеќе информации за А++ Кредитот и за останатите производи на Банката може да најдете на www.ohridskabanka.mk или во експозитурите на Банката ширум земјата.

*За Охридска банка Сосиете Женерал*

*Охридска банка Сосиете Женерал е универзална банкарска институција која припаѓа на една од најголемите финансиски групации во светот – групацијата Сосиете Женерал. Со повеќе од 146.000 вработени, со присуство во 66 земји, Групацијата Сосиете Женерал опслужува 31 милион клиенти низ целиот свет повеќе од 150 години. Охридска банка Сосиете Женерал функционира според високите стандарди на Сосиете Женерал, почитувајќи ги четирите главни вредности на Групацијата: тимски дух, иновација, посветеност и одговорност. Основната стратегија на Охридска банка Сосиете Женерал е постојаното унапредување на квалитетот на извршувањето на банкарските услуги и нејзината целосна посветеност да ги задоволи потребите на своите клиенти. Преку своето седиште во Скопје и широката мрежа од 27 експозитури на територијата на Македонија, Охридска банка Сосиете Женерал има за цел да биде поим за банкарски односи, препознатлива на пазарот, блиска до клиентите, избрана поради својот квалитет и посветеноста на нејзините тимови. Охридска банка Сосиете Женерал во 2016 година е носител на три награди во категоријата „Најдобра банка во Македонија“ од трите најважни банкарски авторитети - "Global Finance", "Euromoney" и "The Banker" и носител на наградата „Најдобра банка во Македонија“ во 2017 година од "Global Finance" и "Euromoney".*

**Контакт за медиуми на Охридска банка Сосиете Женерал**
Елена Глигоровска
Раководител на Дирекција за корисничко искуство, маркетинг и комуникации
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 (0)2 3 167 709

Ивана Петревска
Специјалист за маркетинг и комуникации
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 (0)2 3 167 682